УПАТСТВО ЗА УПОТРЕБА
на ветеринарно – медицински препарат

# Bayvarol®

**ленти за кошници за пчели**
**flumethrin (флуметрин)**



пчели

**Име на ветеринарно – медицинскиот препарат (латиница)**
**Име на ветеринарно – медицинскиот препарат (македонски јазик)**
BAYVAROL STRIPS / БАЈВАРОЛ ЛЕНТИ

**фармацевтска форма**
ленти за кошници за пчели

**генеричко име на ветеринарно – медицинскиот препарат**
flumethrin (флуметрин)

---

**1. Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет и име и адреса на производителот**

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање во промет**
ДПТУ ВИТА ВЕТ ДОО увоз-извоз Скопје
ул."Тајмишка" бр. 32 - Скопје,
Република Северна Македонија

**Име и адреса на производителот**
KVP Pharma + Veterinär Produkte GmbH,
Projensdorfer Str. 324, D-24106 Kiel,
Germany

**2. Име на ветеринарно – медицинскиот препарат**

BAYVAROL STRIPS / БАЈВАРОЛ ЛЕНТИ

**3. Содржина на активни супстанции и други состојки**

Секоја лента содржи:
**Активни супстанции:**
Флуметрин 3.6 мг

**Ексципиенси:**
Полиетилен (LDPL)

**4. Терапевтски индикации**

За дијагноза и терапија на соевите на Varroa destructor осетливи на флуметрин, кај медоносни пчели.

**5. Контраиндикации**

Да не се користи истовремено со други анти-варо-озни препарати.
Да не се користи истовремено со анти-ноzематозни препарати.

**6. Несакани дејства**

Нема познати.
Ако забележите било какви несакани ефекти, дури и да не се наведени во ова упатство, Ве молиме известете го Вашиот ветеринарен доктор.

**7. Видови на животни за кои што е наменет ветеринарно - медицинскиот препарат**

Медоносни пчели

**8. Дозирање за секој поединечен вид, начин и фрекфенција на примена и препорака за правилна употреба**

Само за употреба во пчелни кошници.
Нормално развиените колонии се третираат со четири ленти.
Нуклеусите и младите колонии се третираат со половина од таа доза, односно две ленти.
Големите колонии кои зафаќаат неколку комори се третираат со четири ленти по комора, кои се распоредуваат над централното пчелно подрачје во секоја комора.

**Дијагноза**
Лентите се внесуваат во колонијата во времетраење од 24 часа.
Пред внесувањето на лентите подната рамка треба да се покрие со мрежа за крлежи и чист лист хартија. Потоа истите се проверуваат за присуство на мртви Varroa 24 часа подоцна. Доколку бројот на мртви крлежи не се зголемува за време на првиот ден од третманот се препорачува да се користи друга класа на акарициди.

**Терапија**
Лентите треба да се остават во колониите максимум 6 недели и потоа да се отстранат.

**9. Совет за правилна примена**

Bayvarol лентите се закачуваат во просториите помеѓу рамките во централниот дел од кошницата, на таков начин што ќе можат да бидат зафатени од пчелите од двете страни. Двете јазичиња од лентата се свиткуваат нагоре во истата насока на обележаните линии за превиткување и се прикачуваат преку горниот раб на дрвената рамка.



За поголеми колонии кои зафаќаат неколку комори, две ленти може да се спојат (крај со крај) со што се овозможува нивно вметнување и отстранување од просторот каде се пчелите без притоа да се делат коморите.



Најголема ефикасност се очекува кога Bayvarol се користи пред крај на летото, по собирањето на медот. Bayvarol може да се користи во било кој период од годината за дијагностицирање или при тешки инфестации кога постои закана за преживу-вањето на колонијата.
Одговорното одгледување на пчелите во денешно време наложува редовна контрола на инфестации-те со вароа и соодветен годишен контролен програм (ВКП) на пчеларникот.

**10. Каренца на ветеринарно – медицинскиот препарат**

Мед: Нула денови

**11. Начин на чување и рок на употреба**

Заштитете го препаратот од изложување на светлина. Не се потребни специјални услови за чување во однос на температурата. Алуминиумските кесички треба да се отворат непосредно пред употребата.

Рок на траење на ветеринарно-медицинскиот препарат пакуван за продажба: 5 години. Рок на траење по првото отворање на контактното пакување: лентите треба да се употребат веднаш по отворањето на кесичката.

**12. Посебни мерки на претпазливост**

**Посебни мерки на претпазливост за секој целен вид**

Да не се користи за време на пикот на медноста. Сите колонии кои се наоѓаат во ист пчеларник треба да се третираат истовремено. Препаратот треба да се користи како дел од интегрираната програма за контрола на Varroa. Таквата програма вклучува меѓу останатите мерки и ротирање на препаратите и систематско следење на оптеретувањето со крлежи во текот на годината. Како ефикасен метод за намалување на ризикот од резистентност, треба да се примени ротација со препарати што содржат активни супстанции од други хемиски класи. Бидејќи флуметринот и тау-флувалинатот припаѓаат на иста класа (пиретроиди) тие не се погодни за ротација едни со други. Несоодветната употреба на препаратот може да го зголеми ризикот од развој на резистентност и на крајот да резултира со неефикасна терапија и губитоци во колонијата. Пчелните колонии треба да се следат рутински за да се проверува нивото на инфестација со крлежи (Varroa) (на пример, со стандардни тестови да се спроведе континуирано следење на природниот пад на крлежи со употреба на леплив сад кој се вметнува во кошницата или проценка на оптеретувањето со крлежи на 100 пчели). Во случај на постоечка резистентност на пиретроиди, Bayvarol лентите не треба да се применуваат. Онаму каде што постоела резистентност на пиретроиди во минатото, може да се спроведе повторно тестирање на моменталниот статус на колонијата, бидејќи може да се случи повторно враќање на осетливоста на препаратот во текот на неколку години.

**Посебни мерки на претпазливост при употреба**
Отпорноста на паразитите на која било класа на акарициди може да се развие по честа, повторувана употреба на акарицидите од таа класа.
Внимателна употреба на акарицидите
Заради намалување на можниот развој на резистенција се препорачува флуметринот да се употребува како дел од годишната програма за контрола на вароа во пчеларникот со други класи на акарициди.
Употребата на препаратот спротивно од инструкциите наведени во Збирниот извештај за карактеристиките на препаратот може да ја зголеми појавата на соеви на вароа резистентни на пиретроиди.
Не ги оставајте лентите во кошниците подолго од 6 недели и не ги употребувајте повторно, бидејќи може да поттикнете развој на резистенција.

**Посебни мерки на претпазливост при употреба кај животните.**
Не се применува.

**Посебни мерки на претпазливост кои треба да ги преземе лицето кое го администрира ветеринарно-медицинскиот препарат на животните**

Измијте ги рацете по ракување со лентите, пред оброци и по завршување на работата. Не јадете, пијте или пушете при употреба на препаратот.

**Употреба за време на гравидитет, лактација или несење**
Не се применува.

**Интеракција со други медицински препарати и други форми на интеракција**
Нема познати.

**Предозирање (симптоми, итни процедури, антидоти), доколку е потребно**
Не се применува

**13. Посебни предупредувања за отстранување на неупотребениот ветеринарно – медицински препарат или отпадниот материјал од ветеринарно – медицинскиот препарат**

Секој неискористен ветеринарно медицински препарат или отпадните материјали добиени од истиот треба нештетно да се отстранат во согласност со пропишаните локални регулативи.

**14. Останати информации**

**Фармакодинамски особености**
Според сегашните сознанија синтетските пиретроидите ги попречуваат натриумовите канали во мембраните на нервните клетки, што резултира со пролонгирање на реполаризацијата на нервот. Алфа-цијано пиретроидите (тип II пиретроиди), како што е флуметринот, делуваат многу помоќно во однос на ова и предизвикуваат долготрајно повторувачко празнење во нервните клетки. Студиите за структурната активност на голем број на пиретроидни инсектициди укажуваат дека пиретроидите се врзуваат за рецептори со специфична хирална формација и на тој начин ја засилуваат селективната активност на ектопаразитицидите. Не била забележана анти-холинестеразна активност со овие супстанции.

**Фармокинетички особености**
Се забележува континуирано ослободување на ниско ниво на флуметринот од ПЕ матриксот. Флуметринот се прилепува за пчелите и преку контакт се пренесува низ целата пчелна колонија.

**15. Пакување**

Хартиена кутија со 5 алуминиумски кесички. Секоја кесичка содржи по 4 ленти.

**16. Начин на издавање**

Ветеринарно-медицински препарат што се издава само на рецепт во ветеринарна аптека.

**17. АТС вет код**

АТСвет код: QP53AC05
Фармакотерапевтска група: Ектопаразитицид од групата на синтетски пиретроиди

**18. АХВ број**

1562

**19. Број на одобрението за ставање во промет на ветеринарно – медицинскиот препарат**

16-510

**20. Датум на последна ревизија на упатството за употреба**

02.07.2021



Elanco